| | |
|---|---|
| **Верзија**: | **Шифра на документ**: |
| **Датум:** | **Класификација на документ**: |

# ДЕЛОВНИК
# за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола

**Битола, 2017 година**

**Напомена:** Овој документ е наменет единствено за интерна употреба на СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА. Информациите во овој документ подлежат на промени без обврска за објава на истите. За последна верзија од овој документ погледнете ги општите информации за документот, односно информациите за носителот на документот, наведени подолу. Ниеден дел од овој документ не смее да биде модифициран, употребуван за други намени или пренесуван без претходно одобрување од СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА. Овој документ е подготвен за употреба од страна на вработените, поврзаните договорни страни, надлежни институции и останати лица со посебно одобрување на одговорни лица од СТОПАНСКА БАНКА а.д.БИТОЛА.

Овој документ се смета за заштитен од неовластена употреба и копирање во согласност со важечката регулатива.

Информации за документот

| Шифра на документот | |
|---|---|
| **Назив на документот** | Деловник за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола |
| **Автор** | Вера Ставридис Илиевска |
| **Сопственик на документ** | Служба за управување со Кабинет на Управен одбор |
| **Одговорно лице – контакт** | Вера Ставридис Илиевска<br>e-mail: vera.s@stbbt.com.mk<br>телефон: + 389 02 3087287 |
| **Краток опис на документот** | Со овој Деловник поблиску се регулира начинот на работа на Собранието на акционерите, како и други прашања од значење за работата на Собранието. |
| **Верзија** | 5.0 |
| **Статус на верзијата** | готов документ |
| **Дата на одобрена верзија** | |
| **Тело за одобрување** | Собрание на акционери |
| **Одлука бр.** | |
| **Ниво на одобрување** | Собрание на акционери |
| **Опсег на документот** | Акционерите на Банката, претставниците на акционерите, полномошниците на акционерите, како и за сите други лица кои учествуваат во работата на седницата на Собранието |
| **Обелоденување на документот** | За интерна употреба |
| **Објавување** | |
| **Рок на важност** | Деловникот ќе важи до следно ревидирање - доколку се изменат законските прописи и интерните акти од оваа област |

| Историја на документ (верзија, датум на одобрување, промена, опис) | | | |
|---|---|---|---|
| **Верзија** | **Датум на верзија** | **Автор на документот** | **Краток опис на документ, промената која се прави, причината** |
| **Верзија 4.0** | мај 2011 година | | Деловник за работа на Собрание на акционери |
| **Верзија 5.0** | мај 2017 година | | Деловник за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола усогласување со Статутот, ЗТД и Законот за банките |

| Одобрено од | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Орган кој го одобрува документот** | **Име и презиме** | **Функција** | **Датум** | **Потпис** |
| Собрание на акционери на Стопанска банка а.д. Битола | | претседавач | | |

# СОДРЖИНА

1. Општи одредби .................................................................................................... 5

2. Свикување Собрание, пријавување и евиденција за присуство на Собрание .......... 6

3. Кворум за работа на Собранието на акционерите на Банката......................................8

4. Работа на седниците на Собранието...................................................................................9

5. Продолжување прекината седница на Собранието на акционери ............................ 11

6. Начин на гласање на Собранието на акционери ........................................................12

7. Начин на спроведување тајно гласање ............................................................................13

8. Записник од одржаното Собрание на акционери.........................................................14

9. Завршни одредби ..............................................................................................................15

Врз основа на член 45 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола, НО бр. 02-3593/1/I-1 (пречистен текст) од 22.2.2017 година, Собранието на Стопанска банка а.д Битола, на својата 40. седница одржана на 17.5.2017 година, донесе

# Д Е Л О В Н И К
## за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка а.д Битола

### 1. Општи одредби

#### Член 1

Со овој Деловник поблиску се регулира начинот на работа на Собранието на акционерите, како и други прашања од значење за работата на Собранието, свикување на седниците, пријавување на евиденцијата за присуство, кворумот за работа и мнозинството со кое се одлучува, водење на седниците, продолжување прекината седница, начин на гласање, спроведување тајно гласање и записник од одржаните седници на Собранието на акционери на Банката.

#### Член 2

Одредбите на овој Деловник се применуваат за претставниците на акционерите – членови на Собранието на Банката, како и за сите други лица кои учествуваат во работата на седницата на Собранието.

#### Член 3

Акционерите своите права во Банката ги остваруваат на Собранието.

На секој акционер запишан во акционерската книга, од денот на уписот, му припаѓа право на учество во работата на Собранието и право на глас, освен ако со закон поинаку не е определено.

Членовите на Управниот и на Надзорниот одбор учествуваат во работата на Собранието без право на глас, освен ако се акционери.

#### Член 4

Собранието на Банката ги врши следните работи:

1) ги усвојува Статутот и измените и дополнувања на Статутот на Банката;
2) ги разгледува и ги усвојува годишниот извештај за работење на Банката заедно со писменото мислење по истиот изготвено од страна на Надзорниот одбор;

3) ги разгледува и ги усвојува извештајот на друштвото за ревизија и писменото мислење по истиот изготвено од страна на Надзорниот одбор;
4) ги усвојува годишната сметка и финансиските извештаи на Банката;
5) одлучува за употреба и распоредување на остварената добивка или за покривање на загубите;
6) одлучува за нова емисија на акции на Банката;
7) одлучува за статусни промени и за престанок на работење на Банката;
8) ги именува и ги разрешува членовите на Надзорниот одбор;
9) избира друштво за ревизија и одлучува по предлогот за раскинување на договорот со друштвото за ревизија;
10) донесува деловник за работа на Собранието и
11) одлучува и за други прашања од значење за работењето на Банката.

Одлуката на Собранието за именување членови на Надзорен одбор на Банката ќе стапи во сила по добивањето Согласност од гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

**2. Свикување Собрание на акционери на Банката, пријавување и евиденција за присуство на Собранието на акционери на Банката**

**Член 5**

Собранието на Банката се свикува најмалку еднаш годишно.

Годишното собрание на Банката задолжително се одржува пред истекот на пет месеци од календарската година за претходната година.

Банката е должна во рок од 15 дена по одржувањето на Собранието на Банката до Народната банка да го достави Записникот од одржаното Собрание заедно со материјалите и донесените одлуки.

**Член 6**

Собранието на Банката го свикува Надзорниот одбор на Банката со мнозинствогласови од своите членови, по своја иницијатива или по барање на акционер на Банката.

Барање за свикување Собрание на Банката можат да поднесат акционери кои имаат најмалку една десетина од сите акции со право на глас.

Во барањето за свикување на Собранието, акционерите мора да ги наведат целта и причините на свикувањето на Собранието, своето име и презиме, место на живеење и ЕМБГ, односно фирмата, седиштето и ЕМБС ако акционерот е правно лице и извод од акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите со право на глас коишто ги поседува во Банката.

Надзорниот одбор во рок од осум дена од денот на приемот на барањето за свикување Собрание донесува одлука за прифаќање или за одбивање на барањето. Во одлуката за одбивање на барањето мора да се наведат причините поради коишто е така одлучено.

Ако по барањето на акционерите кои имаат мнозинство од сите акции со право на глас Надзорниот одбор не свика Собрание во рок од 24 часа од денот на поднесување на барањето, акционерите можат да поднесат предлог за свикување Собрание до судот.

**Член 7**

Јавниот повик, односно поканата за свикување на Собранието ги содржи следниве податоци:

1) името и седиштето на Банката;
2) местото и датумот и часот на одржување;
3) други процедурални формалности пропишани со Статутот што се од значење за присуството на Собранието и за начинот на гласање;
4) дневниот ред според кој ќе работи Собранието;
5) начинот на којшто се достапни материјалите што се подготвени на Собранието коешто е свикано;
6) описот на постапките според кои акционерите учествуваат и гласаат на Собранието;
7) адресата на интернет-страницата на Банката на која ќе бидат достапни информациите за содржината на јавниот повик, односно поканата за свикување седница на Собранието, вкупниот број акции и вкупниот број гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас на денот на објавата на јавниот повик, документи и материјали кои ќе се разгледуваат на седницата на Собранието, предложените одлуки за донесување, предложените одлуки од акционерите кои по приемот потребно е да се објават, обрасците за гласање преку полномошник и обрасците за гласање со кореспонденција подготвени за преземање електронски од страна на акционерите.

Рокот којшто тече од денот на објавувањето на јавниот повик, односно поканата до денот на одржувањето на Собранието не може да биде пократок од 30 дена до денот на одржувањето на Собранието.

**Член 8**

Материјалите мора да бидат достапни до акционерите од денот на објавување на јавниот повик, односно од испраќањето на поканата.

Свикувањето на Собранието на Банката може да се отповика-одложи најдоцна пет работни дена пред одржувањето на Собранието на начин на кој Собранието и било свикано.

**Член 9**

Секој акционер кој има намера да учествува на свиканото Собрание е должен да го пријави своето учество најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание. Списокот на пријавените акционери го подготвува Надзорниот одбор, односно лицето овластено за свикување Собрание.

Пред почетокот на седницата на Собранието, на акционерите на увид им се достапни:

- списокот на пријавени и присутни акционери, лично или преку полномошник;

- списокот на акционери кои гласале со електронски средства;
- списокот на акционери кои гласале со кореспонденција.

Списоците означени во претходниот став, пред почетокот на одржување на Собранието, Надзорниот одбор, односно лицето овластено за свикување на Собранието ги споредува со состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност 48 часа пред одржувањето на седницата на Собранието.

Пред почетокот на одржување на Собранието, списокот на пријавени и присутни акционери на овој член го потпишува секој присутен акционер, односно полномошник на акционер, со што го верификува своето присуство на Собранието. Потпишаниот список со свој потпис го заверуваат претседавачот на Собранието и записничарот. По заверката на записникот, претседавачот на Собранието го констатира кворумот за работа.

Заверениот список од претходниот став на овој член им се дава на увид на сите учесници на Собранието пред првото гласање. Секој верификуван учесник на Собранието може да бара копија од потпишаниот список на свој трошок, кој трошок не може да биде поголем од вистински направениот трошок.

**Член 10**

Акционерите на Банката можат да овластат полномошник на седница на Собрание со давање полномошно во писмена форма без обврска да го заверат полномошното кај нотар. Акционерите треба веднаш да ја известат Банката за секое полномошно дадено во писмена форма. Акционерот кој нема да ја извести Банката за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Банката изготвува полномошно во писмена форма на посебен образец кој е достапен за преземање од интернет-страницата на Банката, така што акционерите ќе можат да го преземат електронски за да го отпечатат, да го пополнат и да го потпишат. Во случај акционерот од која било причина технички да не може да го преземе образецот за давање полномошно од интернет-страницата на Банката, истиот може да користи и други видови обрасци за давање полномошно во писмена форма.

Банката ќе го уважи полномошното дадено во писмена форма ако е писмено известена од акционерот-давател на полномошното. Банката може да бара утврдување на личниот идентитет на акционерот како услов за уважување на полномошното, односно за верификација на инструкциите за гласање ако такви му се дадени на полномошникот. Полномошното ќе се прифати за полноважно и без нотарска заверка или потврда од домашен или странски надлежен орган.

Полномошното има важност две години од денот на неговото издавање, освен ако не биде порано отповикано.

Одредбите на овој член соодветно се применуваат и на откажување на полномошното по писмен пат.

## 3. Кворум за работа на Собранието на акционерите на Банката

**Член 11**

Собранието на акционери на Банката има кворум за работа ако на седницата учествуваат и се претставени најмалку мнозинство верификувани учесници на Собранието од вкупниот број акции со право на глас – најмалку ½ плус една акција од сите акции со право на глас, при што се смета дека во работата на Собранието учествуваат и се

претставени акционерите кои се присутни на седницата (лично или преку полномошник), како и акционерите кои гласале со електронски средства и/или со кореспонденција.

Освен во случаите одредени со закон и со Статутот, Собранието на Банката одлучува со мнозинството од акциите со право на глас кои учествуваат во работата, односно се претставени на Собранието.

Собранието на акционери на Банката одлучува со мнозинство гласови кое не може да изнесува под 2/3 од акциите со право на глас кои учествуваат во работата, односно се претставени на Собранието, за зголемување или намалување на акционерскиот капитал, статусни промени на Банката, промена на фирма и седиштето, како и други случаи утврдени со закон.

Одлуката за донесување на Статутот или измени и дополнувања на Статутот се усвојува од Собранието на акционерите на Банката со мнозинство гласови од вкупниот број акции со право на глас.

**Член 12**

Ако на Собранието не се обезбеди кворум од претходниот член, Собранието не може да почне со работа. За време кое не е подолго од 15 дена од денот за кој е закажано одржувањето на Собранието кое немало кворум за работа се закажува нов термин за одржување на Собранието (презакажано Собрание), коешто и се одржува во овој рок. Новиот термин на презакажаното Собрание се објавува на начин на којшто е објавено свикувањето на Собранието коешто немало кворум за работа.

На презакажаното Собрание учеството повторно не се пријавува.

## 4. Работа на седниците на Собранието на акционери

**Член 13**

Собранието на Банката работи на седници, кои се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Собранието избира претседавач, кој претседава со седницата на Собранието, записничар и два заверувачи на записникот, освен ако записникот не го води нотар.

Собранието може да избере и двајца бројачи на гласови кои ги пребројуваат гласовите при јавно гласање и ја спроведуваат постапката за тајно гласање.

Собранието не може да одлучува за прашања од областа на управувањето, односно од областа на водењето на работењето на Банката, што претставува надлежност на другите органи на Банката, освен ако тоа со закон не е поинаку определено.

Со седницата на Собранието претседава претседавач, кој го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата на Собранието.

Мандатот на претседавачот трае до изборот на нов претседавач на наредното Собрание на Банката.

За претседавач на Собранието на Банката може да биде избран секој акционер или лице кое застапува акционер.

За претседавач на Собранието на Банката не може да биде избран член на Надзорниот и на Управниот одбор на Банката.

**Член 14**

Расправата по точките од дневниот ред ја отвора претседавачот.

Претседавачот дава збор на пријавените за дискусија според редот на пријавување.

Пријавите за дискусија се поднесуваат усно или писмено на претседавачот на Собранието.

Пријавениот учесник во расправата може да дискутира по прашањето кое е во непосредна врска со точката од дневниот ред за која се расправа. Доколку дискутантот се оддалечи од прашањето кое е предмет на дискусијата, претседавачот ќе го предупреди да не се оддалечува од прашањето кое не е во врска со точката која е на дневен ред.

Доколку дискутантот не се придржува на предупредувањето, претседавачот може да му го одземе зборот од понатамошна дискусија.

Присутните на седницата претседавачот јавно ќе ги опомени ако пречат на кој било учесник во излагањето.

**Член 15**

По барање на акционер за конкретно известување, а кое е поврзано со точките од дневниот ред, членовите на Управниот одбор на Банката или, пак, стручните служби вработени во Банката даваат соодветни појаснувања.

Банката може да даде збирен одговор на прашањата на акционерите со иста содржина. Прашањата и одговорите се објавуваат на интернет-страницата на Банката во формат на прашања и одговори.

**Член 16**

По завршената расправа за одделна точка од дневниот ред, претседавачот констатира дека дискусијата по точката е завршена, дека нема повеќе дискутанти и предлага гласање.

Присутните акционери, односно овластените полномошници гласаат:

1) „за“ предлогот;
2) „против“ предлогот;
3) „воздржан“ по предлогот.

По извршеното гласање, претседавачот утврдува и го соопштува резултатот од гласањето со тоа колку гласале „за“ предлогот, „против“ предлогот и број на воздржани гласови.

Претседавачот по потреба за бројот на гласовите ги користи и бројачите на гласови.

**Член 17**

Банката ќе им овозможи на акционерите да гласаат на Собранието, покрај учеството во работа, со лично присуство или преку полномошник и на еден од следните начини:

1) преку електронски средства за гласање пред или за времетраење на Собранието и без потреба од овластување полномошник кој физички би присуствувал на седницата и
2) со кореспонденција пред одржување на седницата на Собранието.

**Член 18**

Акционерите на Банката можат да гласаат со кореспонденција пред денот на одржување на Собранието, со испраќање пополнет образец, кој во оригинал мора да биде примен во Банката, без обврска за нотарска заверка или, пак, потврда од домашен или странски надлежен орган.

**Член 19**

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас имаат право писмено или електронски да предложат:

1. Дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука за предложената точка;
2. Усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата;

Барањето од претходниот став се испраќа до Управниот одбор на Банката, односно до свикувачот на Собранието во рок од осум дена од денот кога е испратена поканата, односно од денот кога е објавен јавниот повик за одржување седница на Собранието.

Во случај ако остварувањето на правото на акционерите повлекува измена на дневниот ред на седницата на Собранието, Банката го става на располагање ревидираниот дневен ред, како и претходниот дневен ред пред датумот на одржување седница на Собранието. Ревидираниот дневен ред е уредно ставен на располагање ако акционерите можат навремено да овластат полномошници или да гласаат со кореспонденција

**Член 20**

На Собранието акционер не може да гласа за одлука што го ослободува лично од обврска, од некое побарување коешто Банката го има спрема него или од одговорност или кога му се признава некаква предност или привилегија на сметка на друштвото, односно кога се гласа за одлука да се поведе судска или друга постапка против него, освен ако со закон не е поинаку определено.

Во овие случаи, акционерот не може да го остварува правото на глас ниту лично ниту преку полномошник.

Ако акционерот постапи спротивно на став 1 од овој член, одговара за штета којашто ќе ја претрпи Банката, освен ако докаже дека мнозинството би било постигнато и без неговиот глас.

## 5. Продолжување на прекинатата седница на Собрание

**Член 21**

Ако дојде до прекин на седница на Собрание што започнало со работа, присутните акционери на седницата на Собранието можат да одлучат Собранието да продолжи со

работа во време и место коешто се определува со мнозинството гласови од кворумот за работа на Собранието.

Одложувањето не може да биде подолго од осум дена од денот на прекинот.

Ако дојде до прекин на седницата на Собранието што започнало со работа, а истото не донело одлука за продолжување со работа, во согласност со ставот 1 на овој член, претседавачот на Собранието ги определува времето и местото на продолжувањето на прекинатата седница на Собранието, а натамошната постапка продолжува во согласност со законот.

**Член 22**

Учеството на продолжувањето на прекинатата седница на Собранието повторно не се пријавува. Акционерот кој не го пријавил учеството на Собранието чијашто седница е прекината има право да го пријави своето учество пред почетокот на продолжената седница според состојбата во акционерската книга. На почетокот од работата на продолжената седница на Собранието се пристапува кон повторно потпишување на списокот на пријавените акционери, односно на полномошниците, со што секој присутен го верификува своето присуство на продолжението на прекинатата седница на Собранието. Потпишаниот список, со свој потпис, повторно го заверуваат претседавачот со Собранието и записничарот. По заверувањето на списокот, претседавачот со Собранието го констатира кворумот за работа на продолжението на прекинатата седница на Собранието.

Заверениот список им се дава на увид на сите учесници на продолжението на прекинатата седница на Собранието пред првото гласање. Секој верификуван учесник на Собранието може да бара копија од потпишаниот список на свој трошок.

Ако на продолжената седница на Собранието нема кворум за работа или таа не се одржи во рок не подолго од осум дена, се закажува ново Собрание според условите, начинот и постапката определена со Законот за трговските друштва и со Статутот на Банката.

**Член 23**

Одлуките донесени на Собранието коешто по започнувањето со работа ја прекинало работата, без разлика на тоа дали ќе продолжи со работа, се сметаат за полноважни. На седницата на којашто Собранието продолжило да работи, Собранието расправа и одлучува само по точките коишто не се разгледувани и по коишто не е одлучувано.

## 6. Начин на гласање на Собранието

**Член 24**

Начинот на гласање го определува претседавачот на Собранието, доколку Собранието не определи посебен начин на гласање.

Одлуките на Собранието се донесуваат со јавно гласање, доколку за определени точки од дневниот ред не се донесе одлука за тајно гласање.

По барање на еден или повеќе акционери кои имаат најмалку една десетина од вкупниот број акции со право на глас, се пристапува кон тајно гласање.

Акционерите можат да гласаат на свикано собрание преку телефон или преку друго електронско средство коешто е дел од јавна комуникациска мрежа и преку коешто може

на сигурен начин да се утврди идентитетот на секој акционер, правото на глас, начинот на воспоставување комуникациска врска помеѓу Банката и акционерите и тоа така што гласањето ќе биде достапно на секој акционер и ќе може, со сигурност, да се евидентира извршеното гласање. Акционерот кој гласа преку телефон или преку друго електронско средство се смета за присутен на Собранието, односно го сочинува кворумот за работа и за одлучување на Собранието. Акционерот кој гласа преку телефон или преку друго електронско средство се смета за присутен на Собранието, односно го сочинува кворумот за работа и за одлучување на Собранието.

Ако на сигурен начин не може да се утврди идентитетот на секој акционер, начинот на воспоставување комуникациска врска помеѓу Банката и акционерот и ако гласањето не биде достапно на секој акционер и не може со сигурност да се евидентира кворумот и извршеното гласање, гласањето е ништовно.

**Член 25**

Банката воспоставува систем за електронска регистрација и евиденција на акционерите заради нивна идентификација и зачувување на безбедноста на електронската врска, а на својата интернет-страница објавува опис на постапката, потребна документација за идентификација на акционерите и место на подигнување документи за електронска регистрација и евиденција.

Акционерите кои ќе подигнат документација за електронска регистрација и електронско гласање на Собранието можат да гласаат со испраќање пополнет образец за гласање по електронски пат, достапен на интернет-страницата на Банката.

Во повикот за учество на Собранието се објавува точниот датум и час на започнување и завршување на гласањето по електронски пат, при што истото мора да започне најмалку осум дена пред одржување на седницата, а завршува најдоцна 24 часа пред одржување на седницата на Собранието.

Акционерот кој гласал електронски може лично да присуствува на седницата на Собранието, но доколку сака лично да гласа на самата седница, мора писмено да го отповика електронското гласање најдоцна 48 часа пред одржувањето на седницата. Доколку акционерот не достави писмено известување дека го отповикува електронското гласање, предвид ќе се земе електронското гласање.

**Член 26**

Во случај кога на Собранието на акционери се одлучува за прашања со кои се менува или се ограничува кое било право врзано со род на акции, гласањето се врши со одвоено гласање, на истото Собрание или, пак, на посебно Собрание во согласност со Статутот на Банката.

## 7. Начин на спроведување тајно гласање

**Член 27**

Тајното гласање го спроведува комисија за спроведување тајно гласање избрана со одлука на Собранието. Комисијата е составена од најмалку три члена од редот на акционерите. Во комисијата не може да се избере акционер, односно друго лице кој е член на орган на Управниот и на Надзорниот одбор, ниту претседавачот со Собранието на коешто се врши тајното гласање. Комисијата за спроведување тајно гласање е должна да

работи непристрасно и праведно.

**Член 28**

Комисијата ја определува содржината на гласачките ливчиња, се грижи за умножување на гласачките ливчиња, ги нумерира гласачките ливчиња, ги пребројува гласовите и поднесува писмен извештај за спроведеното тајно гласање во коешто утврдува колку ливчиња биле употребени за спроведеното тајно гласање, колку ливчиња останале неупотребени и ги утврдува резултатите од гласањето. Извештајот за спроведеното тајно гласање го потпишуваат сите членови на комисијата.

**Член 29**

Гласачкото ливче мора да ги содржи имињата и презимињата на сите кандидати кои се избираат со тајно гласање.

Кога се врши тајно гласање, ливчето за гласање мора да ги содржи прашањата за коишто ќе се гласа, опцијата за гласање „за“, „против“, „воздржан“ за секое прашање или група прашања или друга јасна опција, како и објаснување за начинот на којшто се врши тајното гласање.

По исклучок, ако ниту еден акционер не стави забелешка на гласањето, односно не побара целосен отчет за резултатите од гласањето, Банката може да ги утврди резултатите од гласањето само до степен потребен за да се прикаже дека потребното мнозинство за секоја одлука е постигнато.

**Член 30**

Банката за секоја одлука за која се гласало на седницата на Собранието на Банката утврдува: вкупен број акции за кои биле дадени важечки гласови, вкупен број важечки гласови и делот од основната главнина кој го претставуваат тие и бројот на гласови дадени „за“, „против“ и „воздржан“ за секоја одлука што е предмет на гласање на Собранието.

По исклучок, ако ниту еден акционер не стави забелешка на гласањето, односно не побара целосен отчет за резултатите од гласањето, Банката може да ги утврди резултатите од гласањето само до степен потребен за да се прикаже дека потребното мнозинство за секоја одлука е постигнато.

Во рок од 15 дена од денот на одржаната седница на Собранието, Банката на својата интернет-страница ги објавува резултатите од гласањето во согласност со ставот 1 од овој член.

Гласачките ливчиња (употребените и неупотребените), извештајот за спроведеното гласање и другиот изборен материјал се чуваат на ист начин како и записниците од собранијата.

## 8. Записник од одржаното Собрание на акционери

**Член 31**

За работата на Собранието се води записник којшто содржи податоци за:

1) Фирмата и седиштето на Банката;

2) Датумот, времето и местото на одржување на Собранието;
3) Името на претседавачот со Собранието, односно името на записничарот и имињата на членовите на комисијата за гласање, ако се избираат;
4) Дневниот ред на Собранието;
5) Бројот на присутните акционери, односно полномошниците на акционери и кворумот за работа;
6) Расправата водена на Собранието;
7) Значајните настани на Собранието, како и поднесените предлози;
8) Одлуките, бројот на гласови „за“ и „против“ и бројот на воздржаните гласови и
9) Оградувањата, односно противењата на акционер, член на органот на управување, против некој одлука ако е изјавено оградување, односно противење.

**Член 32**

За записничар и за заверувачи на записник не може да бидат избрани членови на Управниот и на Надзорниот одбор, ниту претседавачот на Собранието.

**Член 33**

Записникот се подготвува најдоцна во рок од осум дена од денот на одржувањето на Собранието и него го потпишуваат записничарот и претседавачот со Собранието, а го заверуваат заверувачи на записник.

**Член 34**

Секој акционер може да бара од Управниот одбор издавање копија од записникот од Собранието, на негов трошок. Трошокот не може да биде поголем од реалните трошоци.

**Член 35**

Кога записникот го води нотар, записникот се подготвува најдоцна во рок од три дена од денот на одржувањето на Собранието и него го потпишуваат нотарот и претседавачот со Собранието. Копијата од записникот ја дава нотарот кој го водел записникот.

## 9. Завршни одредби

**Член 36**

Одлуките и другите документи кои се донесени од Собранието ги потпишува претседавачот со Собранието.

**Член 37**

За правилна примена на овој Деловник се грижи претседавачот со Собранието.

**Член 38**

Овој Деловник влегува во сила со денот на неговото донесувањето.

**Член 39**

Со влегувањето во сила на овој Деловник престанува да важи Деловникот за работа на Собранието на Стопанска банка а.д. Битола СО бр.02-2148/11-18 од 18.5.2011 година.

СО бр.
Битола, 17.5.2017

**Собрание на акционери**
**на Стопанска банка а.д. Битола**
**претседавач**

**Образложение**

**кон Деловникот за работа на Собранието на Стопанска банка а.д Битола**

Со усвоените измени и дополнувања на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола од страна на Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола, со Одлука за измена и дополнување на Статутот, СО бр.02-3591/1/II-1 од 22.2.2017 година, се јави потреба за усогласување на одредбите од Деловникот за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола со Статутот на Банката НО бр. 02-3593/1/I-1 од 22.2.2017 година.

Со ова Деловникот за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола е усогласен со Статутот на Банката НО бр. 02-3593/1/I-1 од 22.2.2017 година.

Сектор за правни работи и управување со Кабинет на Управен одбор